СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Број 09-2390/2
15.07.2026
Делчево

ЗАПИСНИК
од одржаната 13.седница

Тринаесеттата седница на Советот на Општина Делчево се одржа на ден 15.07.2026 година (среда), во Мултифункционалниот центар, со почеток во 09:00 часот.

На седницата присуствуваа 12 членови на Советот на Општина Делчево.

Осутни беа Горан Димитровски, Бобан Никовски и Горан Николовски.

Претседателот на Советот пред почетокот на седницата ги запозна членовите на Советот со неодамнашната надградба на платформата за електронси седници на Совет, прблемот што го имаше со пријавувањето за збор, како и тоа дека во иднина е можно надградување на самата платформа со можност за електронски седници на комисиите на Советот.

Исто така тој истакна дека до него како претседател на Советот од страна на општинската администрација е доставено известување со кое го известуваат дека:

„ Согласно член 14 од Деловникот на Советот, Ве известувам едека членот на Советот Горан Димитровски од советничката група на СДСМ и коалицијата три пати едноподруго отсуствувал од седниците на Советот и тоа:

-Десетта седница, одржана на 27 мај 2026, со почеток во 10:00 часот
-Единаесетта седница, одржана на 27 мај 2026, со почеток во 14:00 часот
-Дванаесетта седница, одржана на 26 јуни 2026, со почеток во 10:00 часот

Согласно истиот член став 2:

Претседателот на Советот е должен веднаш да ја извести Комисијата за верификација, мандатни прашања и избори и именувања, со цел да се утврдат причините за отсуството и да се утврди дали постојат законски услови за утврдување престанок на мандатот на членот на Советот или за разрешување на членот на Советот од комисиите во кои членува и да му предложи на Советот на негово место да избере друг член.

Дневен ред

-Усвојување на Записник од 12.седница

1.Статут на Општина Делчево-Пречистен текст;

2.Предлог-Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Делчево и Општина Штип;

Образлагач: По точките 1 и 2-Ивана Ивановска-Раководител на Одделението за општи и правни работи.

3. Предлог-Програма за измена и дополнување на Програмата за култура на Општина Делчево за 2026 година;

4. Предлог-Одлука за делегирање на надлежностите на Општина Делчево за организирање и реализирање на културна манифестација „Делчевско лето 2026 година“ по Програмата за култура на Општина Делчево за 2026 година на правно лице;
5. Предлог-Правилник за начинот и постапката за делегирање и извршување на надлежноста на Општина Делчево од областа на културата за организирање и реализирање на културна манифестација „Делчевско лето 2026 година“;
Образлагач: По точките 3,4 и 5, Наташа Димитровска-претседател на Комисијата за култура.

6. Предлог-Одлука за давање согласност на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево за формирање на паралелки со помал број на ученици;
Образлагач: Марина Синадиновски-Директор на СОУ „Методи Митевски Брицо“-Делчево.

7.Предлог- Одлука за согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на цени на услуги кои ги врши ЈКП „Брегалница“ Делчево бр.0202-461/3 19.06.2026;
Образлагач: Марија Мицевска – претставник на ЈКП „Брегалница“-Делчево.
8.Предлог-Одлука за одобрување финансиски средства по барање УП бр.08-2257/1 од 25.06.2026;

Претседателот отвори расправа по дневниот ред.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, за збор се јави претседателот на Советот кој предложи дневниот ред за 13.седница да се дополни со точките:

9. Предлог-Одлука за одобрување спонзорство по барање бр.08-1893/1 од 20.05.2026;

10. Предлог-Одлука за прифаќање на донација од Друштво за производство, промет и услуги ИНОМАК ДООЕЛ експорт-импорт Делчево;

11.Предлог-Одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари „Пречистителна станица“ на Јавното комунално претпријатие „БРЕГАЛНИЦА“ Делчево;

12. Предлог-Одлука за согласност за користење на средства од тековната резерва од Буџетот на Општина Делчево за 2026 година.

Неговиот предлог за дополнување на дневниот ред беше ставен на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево го прифати предлогот за дополнување на дневниот ред.

Беше отворена расправа по Записникот од 12.седница.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а Записникот беше ставен на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево го усвои Записникот од 12.седница.

На гласање беше ставен и дневниот ред за 12.седница со дополнувањето од 4 точки.

Со 12 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево го усвои дневниот ред.

Прва точка-Статут на Општина Делчево-Пречистен текст;

Оваа точка ја образложи Ивана Ивановска која рече дека Пречистениот текст на Статутот на

општина Делчево ги опфаќа Статутот на општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013), Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ бр. 2/2019), Статут за изменување на Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ бр. 1/2021) и Статутот за изменување на Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ бр. 9/2026), во кои е означено времето на нивното влегување во сила . Овој Пречистен текст е изготвен бидејќи така бараат од Централен регистар за промена на седиштето на Општина Делчево.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Игор Гошевски кој праша дали измената се однесува само на промената на седиштeso на Општината заради промената на името на улицата и на што се однесуваат претходните измени на Статутот?

Ивана Ивановска рече дека Сатутот на општина Делчево е донесен во 2013 година и досега имал три измени, во 2019 година измената се однесувала на промената на името на државата. Во 2021 година морало да има измена на Статутот заради измени во законите и додавање на Партиципативното тело од областа на урбанизмот во Статутот, како и Советот на млади. Последата измена е во 2026 година заради промена на седиштето, односно промената на улицата на седиштето. Овој Пречистен текст ги опфаќа сите измени.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 11 гласа „ЗА“, против и воздржание-нема, Советот на Општина Делчево, го утврди Пречистениот текс на Статутот на општина Делчево.

Втора точка-Предлог-Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Делчево и Општина Штип;

Образлагач и по оваа точка беше Ивана Ивановска-Раководител на Одделението за општи и правни работи која рече дека ваква одлука првпат била донесена во месец февруари ама се однесувала за прифаќање предлог за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Делчево и Општина Штип. Бидејќи во меѓувреме Општина Штип го прифатила нашиот предлог за соработка, сега е потребно донесување на, ако може така да се каже, конечна одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Делчево и Општина Штип, во делот на вршење на работи во областа на инспекцискиот надзор, Одделение за инспекциски надзор-инспекторат, општински инспектор за патишта и општински инспектор за домување за потребите на Општина Делчево, а не дека се донесуваат постојано исти одлуки. Едноставно, таква е законската постапка, истакна таа.

Претседателот на Советот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

Трета точка-Предлог-Програма за измена и дополнување на Програмата за култура на Општина Делчево за 2026 година;

Оваа точка ја образложи Наташа Димитровска-претседател на Комисијата за култура која истакна дека во Програмата за култура на Општина Делчево за 2026 година на Советот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ бр.3/2026 и 9/2026), во точка 5.3 Протокол за спроведување настани, по точка 9 се додаваат нова точка 10 кој гласи:

„10. Дел од настаните и културни манифестации со поголем обем предвидени во програмата можат да се организираат и реализираат преку делегирање на надлежностите од Општина Делчево на правни лица. “

Точка 5.4.21 Делчевско лето (Прв и Втор дел), се менува и гласи:

„ Делчевско културно лето 2026 година како културна манифестација со поголем обем ќе се организира и реализира преку делегирање на надлежностите од Општина Делчево на правно лице согласно со Одлука за делегирање на надлежностите на Општина Делчево за организирање и реализирање на културна манифестација „Делчевско лето 2026 година“ по Програмата за култура на Општина Делчево за 2026 година на правно лице.

Носител: Општина Делчево

Организатор: По одлука на делегирана надлежност

Датум: 1 до 10 август 2026 година.“

Во делот 5.4 Активности и манифестации, по точка 5.4.33 се додаваат нова точка 5.4.34 која гласи:

5.4.34 Интернационален натпревар во рачно косење трева

Датум: месец јули/август

Таа истакна дека Општина Делчево за прв пат ќе го организира Интернационалниот натпревар во рачно косење трева, со цел зачувување и промоција на традиционалните земјоделски вештини, поттикнување на руралниот туризам, размена на искуства и развој на меѓународна соработка. Активностите во врска со овој натпревар ги има наведено во Измената на Програмата. Манифестацијата ќе биде еднодневен настан и ќе се одржи на соодветна локација на територијата на Општина Делчево.

Учеството на натпреварот ќе биде овозможено преку јавен повик објавен од Градоначалникот на Општина Делчево. Право на учество ќе имаат сите заинтересирани натпреварувачи од земјата и од странство кои навремено ќе поднесат пријава и ќе ги исполнат условите утврдени во јавниот повик.Натпреварувачите ќе се натпреваруваат во рачно косење трева според однапред утврдени правила и критериуми, а оценувањето ќе го врши стручна комисија. За најуспешните учесници ќе бидат обезбедени пригодни награди и признанија.Паралелно со натпреварот ќе се реализира културно-уметничка програма со настапи на културно-уметнички друштва, презентација на традиционални производи, локална гастрономија и промоција на туристичките ллокалитети.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“ и 3 „воздржани“, против-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за измена и дополнување на Програмата за култура на Општина Делчево за 2026 година.

Четврта точка- Предлог-Одлука за делегирање на надлежностите на Општина Делчево за организирање и реализирање на културна манифестација „Делчевско лето 2026 година“ по Програмата за култура на Општина Делчево за 2026 година на правно лице;

Образлагач и по оваа точка беше Наташа Димитровска-претседател на Комисијата за култура која рече дека со оваа одлука Советот на Општина Делчево врши делегирање на надлежностите на Општина Делчево за организирање и реализирање на културна манифестација „Делчевско лето 2026

година“ по Програмата за култура на Општина Делчево за 2026 година на правно лице (во понатамошниот текст: вршител на делегирана надлежност).

Се делегира надлежноста за организирање и реализирање на културна манифестација „Делчевско лето 2026 година“ предвидена во Програмата за култура на Општина Делчево за 2026 година.Градоначалникот на Општина Делчево ќе објави јавен повик и ќе склучи посебен договор со вршителот на делегираната надлежност за начинот и условите за вршење на надлежноста.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Игор Гошевски кој праша дали оваа одлука е признание дека општинската дминистрација нема капацитет, не е доволно способна да ги организира културните настани и манифестации предвидени во Програмата за култура?

Наташа Димитровска истакна дека делегирањето на надлежност во областа на културата е законска можност и тоа веќе е пракса. Неколку општини како Кавадарци и Градско со ваква одлука веќе имаат делегирано надлежност од областа на културата на правни лица.

Адријана Илиевска Велковски рече дека оваа одлука е добра и треба да се донесе од страна на Советот и тоа нема врска со способноста или неспособноста на општинската администрација. Многу манифестации како Пивофест и слични на неа се организирани од страна на правни лица и тоа го дозволува законот. Добро е што општината оваа година сака да организира и понуди квалитетна културна програма, а не како што било изминатите години.Таа ја праша Наташа Димитровска дали Комисијата за одбележување на културни настани и манифестации е веќе формирана или треба да се формира?

Наташа Димитровска рече дека Комисијата за одбележување на културни настани и манифестации е веќе формирана со решение на градоначалникот.

Претседателот на Советот истакна дека целта на Општината со предлагањето на оваа одлука е на граѓаните да им се понуди квалитетна културна програма, со што би се привлекле повеќе гости и туристи и Делчево да се препознае како регионален културен и туристички центар.

Адријана Илиевска Велковски ја искористи оваа можност јавно да ги повика локалните фирми да донираат средства за да ја помогнат Општината за што подобра организација на претстојното „Делчевско културно лето“ по примерот на М.Каменица, Пехчево и др.соседни општини.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“ и 3 „воздржани“, против-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

Петта точка-Предлог-Правилник за начинот и постапката за делегирање и извршување на надлежноста на Општина Делчево од областа на културата за организирање и реализирање на културна манифестација „Делчевско лето 2026 година“;

Образлагач и по оваа точка беше Наташа Димитровска-претседател на Комисијата за култура која рече дека со него поблиску и подетално се пропишува начинот и постапката за делегирање на надлежностите на Општина Делчево од областа на културата за организирање и реализирање на културна манифестација „Делчевско лето 2026 година“ по Програмата за култура на Општина Делчево за 2026 година на правно лице. Делегирањето на надлежностите на правно лице за вршење на одредени работи од областа на културата се однесува на организирање и реализирање на

културна манифестација „Делчевско лето 2026 година“ по Програмата за култура на Општина Делчево за 2026 година, а се врши преку објавување јавен повик.

Кон пријавата доставена по јавниот повик заинтересираниот правен субјект е должно да приложи соодветни документи кои се наведени во Правилникот.

Потоа, Градоначалникот распишува јавен повик и формира тричлена комисија која ги разгледува пријавите по јавниот повик што ги исполнуваат условите, согласно Законот за локална самоуправа и овој Правилник. Пријавите од член 3 на овој Правилник, се разгледуваат во присуство на сите членови на Комисијата.

По разгледување на Пријавите, Комисијата од член 4 на овој Правилник изготвува Мислење со Предлог за избор на вршител на делигираната надлежност и се доставува до Градоначалникот.

Мислењето што го изготвува Комисијата се потпишува од сите членови на Комисијата.

Комисијата при разгледување на пријавите по јавниот повик за исполнување на условите за одреден вид работа од областа на културата утврдена со закон, врши бодирање и дава Мислење до градоначалникот.

На крај, по доставеното Мислење од страна на Комисијата, Градоначалникот на Општината ќе донесе Одлука за избор на вршител на делегираната надлежност од областа на културата за организирање и реализирање на културна манифестација „Делчевско лето 2026 година“ по Програмата за култура на Општина Делчево за 2026 година.

Врз основа на Одлука за избор на вршител на делегираната надлежност, Градоначалникот ќе склучи договор со правното лице- вршител на делигираната надлежност

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“ и 3 „воздржани“, против-нема, Советот на Општина Делчево го донесе овој Правилник..

Шеста точка-Предлог-Одлука за давање согласност на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево за формирање на паралелки со помал број на ученици;

Образлагач по оваа точка беше Марина Синадиновски-Директор на СОУ „Методи Митевски Брицо“-Делчево која истакна дека СОУ „М.М.Брицо“ има доставено барање до Советот со кое бара согласност за формирање паралелки со помал број на ученици согласно член 28 од Законот за средно образование. Директорката ги информираше советниците дека во јунскиот испитен рок по објавениот Конкурс се пријавиле 70 ученици во Гимназиско образование и 6 ученици во Стручно образование, Сектор Текстил, кожа и слични производи и 10 ученици во Секторот Хемија и технологија. Таа истакна од овој број се гледа дека нема доволен број на ученици како во гимназиското, така и во стручното образование и затоа потребно е Советот да даде согфласност за формирање паралелки со помал број на ученици.

Такво барање е поднесено и до МОН на кое има доставено и одговор. Таа рече дека Министерството за образование и наука дало поитивно Мислење само за формирање на 3 паралелки со 70 ученици зањ гимназиско образование и за 1 паралелка со 10 ученици за прехранбен техничар од Сектор, Хемија и технологија. Што се однесува до учениците од паралката за која МОН не дало позитивно Мислње, истите треба да се распоредат во останатите паралелки согласно пропишаните критериуми во Конкурсот за запишување на ученици во јавните средни училишта.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Игор Гошевски кој праша што ќе се случи со учениците од паралелката за која нема согласност?

Директорката рече дека таа спомнала во нејзиното образложение дека тие ученици треба да се распоредат во останатите паралелки согласно пропишаните критериуми во Конкурсот за запишување на ученици во јавните средни училишта.

Игор Гошевски праша дали може да се направи комбинација на паралеки, па таа паралелка да се комбинира со некоја друга?

Директорката истакна дека не може да се формира комбинирана паралелка од различни сектори.

Тони Стаменковски праша дали има шанси за воведување на нова струка/насока (царина и шпедиција, туризам и угостителство) во гимназијата бидејќи очигледно сегашните не се доволно атрактивни за децата и не се запишуваат кај нас, туку одат во други училишта во соседните општини?

Директорката рече дека се разбира оти постојано се прават напори за воведување на нови насоки или струки, но без успех. Таа рече дека од МОН нема некое посебно образложение, освен што тенденцијата е реонизација што значи дека ако во некоја соседна општина има една струка, не се дозволува во друга. Исто така проблем е и тоа што за нова струка е потребен нов соодветен кадар со кој гимназијата не располага, а од страна на МОН не дзоволуваат нови вработувања во учебната 2026/2027. На крајот, таа истакна дека постојано ќе се залагаат како училишта за воведување на нова струка која ќе одговори на потребите на учениците, бизнис секторот и општината.

Тони Стаменковски рече дека под итно е потребно отварање на нова струга угостителство и туризам во Делчево бидејќи нашиот град прераснува во туристички центар на крајниот исток. Тој рече дека 30 деца секојдневно патуваат во Македонска Каменица, што значи потреба има, само треба да се направат напори и да се издејствува отварање на таква насока.

Директорката рече дека се согласува во потполност со дискусијата на советникот Т.Стаменковски. Од страна на неа и на училиштето постојано ќе се прават напори за отварање на таа насока.

Катерина Величковска праша дали тоа значи дека текстилната паралелка се затвара и дека некои професори ќе останат без работа?

Директорката рече дека текстилната паралелка не се затвара, а никој од професорите нема да останат без работа, таква е и политиката на МОН.

Игор Гошевски рече дека оваа плодна дискусија и интерес за оваа тема е за поздравување и дека претставниците од средното и двете основни училишта во иднина треба да бидат вклучени во изготвувањето на Програмата за образование која секоја година се препишува од претходната.

Претседателот на Советот истакна дека Советот секогаш ќе биде на страна на учениците и ќе носи одлуки во нивни интерес. Досега на темата-отварање нова струка е разговарано повеќе пати и ќе се дејствува за отварање на нова струка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и одлуката беше ставена на гласање.

Со 11 гласа „ЗА“, 1 „ВОЗДРЖАН“, против нема, Советот на Општина Делчево ја донесе и оваа одлука.

Седма точка-Предлог- Одлука за согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на цени на услуги кои ги врши ЈКП „Брегалница“ Делчево бр.0202-461/3 19.06.2026;

Образлагач по оваа точка беше Марија Мицевска – претставник на ЈКП „Брегалница“-Делчево која рече дека до Советот има поднесно Барање за донесување Одлука за согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на цени на услуги кои ги врши ЈКП „Брегалница“ Делчево бр.0202-461/3 19.06.2026. Имено, според Одлуката на УО на се утврдуваат нови цени во однос на цените утврдени во одлуката од 2019 година:

-товарна приколка до 750 кг... 1000 денари

-комбе..... 1000 денари

-тракторска тура..... 1500 денари

-камионска тура до 5м3..... 2000 денари

Како образложение за покачувањето таа истакна повеќе причини и тоа покачување на цена на горива, резервни делови, гуми, покачена минимална плата и слично и му предложи на Советот да донесе Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на цени на услуги кои ги врши ЈКП „Брегалница“ Делчево бр.0202-461/3 19.06.2026.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Игор Гошевски кој праша дали образлагачот може да каже колкаво е покачувањето на услугите процентуално?

Образлагачот кажа дека покачувањето кај товарна приколка до 750 кг. е за 150%, за комбе за 25%, за тракторска тура 60% и за камионска тура 60%.

Адријана Илиевска Велковски рече дека Советничката група на ВМРО ДПМНЕ се заблагодарува на одговорот на претходно поставените советнички прашања во врска со долгот на Општината кон ЈКП. Што се однесува до оваа одлука тие сметаат дека цената за товарната приколка која се зголемува од 400 на 1000 денари треба да си остане иста, а да се воведе нова услука за камионска тура над 5м3 -2500 денари.

За дополнителна координација претседателот даде пауза од половина час.

****

Па паузата за збор се јави Адријана Илиевска Велковски која рече по извршената координација и консултации со правна служба, советничата група на ВМРО ДПМНЕ дава Препорака до УО на ЈКП „Брегалница“ да размисли за нивниот предлог и да ја ревидира оваа одлука по што истата ќе биде ставена на дневен ред на наредна седница.

Потоа претседателот ја затвори расправата и на гласање ја стави Предлог- Одлуката за согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на цени на услуги кои ги врши ЈКП „Брегалница“ Делчево бр.0202-461/3 19.06.2026;

Од вкупно присутни 12, со 9 гласа „воздржани“, 3 „против“, Советот на Општина Делчево не ја донесе оваа одлука, односно донесе Одлука за недавање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на цени на услуги кои ги врши ЈКП „Брегалница“ Делчево бр.0202-461/3 19.06.2026.

Осма точка-Предлог-Одлука за одобрување финансиски средства по барање УП бр.08-2257/1 од 25.06.2026;

Образлагач по оваа точка беше Николчо Стојменовски-Претседател на Советот на Општина Делчево кој рече дека до Советот на Општината е доставено барање од ДРУШТВО ЗА ЗАЧУВУВАЊЕ НА КУЛТУРНИТЕ ВРЕДНОСТИ НА ПИЈАНЕЦ-ДЕЛЧЕВО“ кои бараат од Советот финансиски средства за организирање на настанот „Зелкаријада“. Тој предложи сума од 10.000 денари.

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе и оваа одлука.

Деветта точка-Предлог-Одлука за одобрување спонзорство по барање бр.08-1893/1 од 20.05.2026;

И оваа точка ја образложи Николчо Стојменовски кој рече ова Барање е поднесено од страна на Мартин Анегловски од с.Град за организација на турнир во фудбал. Турнирот веќе е одржан, а

средствата се потрошени. Претседателот предложи сума од 10.000 денари.

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе и оваа одлука.

Десетта точка- Предлог-Одлука за прифаќање на донација од Друштво за производство, промет и услуги ИНОМАК ДООЕЛ експорт-импорт Делчево;

Точката ја образложи Ивана Ивановска раководител на Одделението за правни и општи работи која рече дека до Советот на Општина Делчево е доставен допис од Друштво за производство, промет услуги ИНОМАК ДООЕЛ експорт-импорт Делчево со кое изразуваат интерес за донација на средства за организирање на „Делчевско културно лето“. Согласно Законот за донаци и спонзорства, Советот на Општина Делчево треба да донесе ваква одлука. Со неа Советот на Општината ја прифаќа намерата за донација на парични средства за реализација на културните манифестации во општината во износ од 3.000,оо денари од давателот на донацијата Друштво за производство, промет и услуги ИНОМАК ДООЕЛ експорт-импорт Делчево.

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“, и 3 „ воздржани“, против нема, Советот на Општина Делчево ја донесе и оваа одлука.

Единаесетта точка-Предлог-Одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари „Пречистителна станица“ на Јавното комунално претпријатие „БРЕГАЛНИЦА“ Делчево;

Точката ја образложи Стефанија Стојчевска-Раководител на Одделението за јавни набавки која истакна дека со оваа одлука на Јавното комунално претпријатие „БРЕГАЛНИЦА“ Делчево се даваат:

- Недвижна ствар „Пречистителна станица“, зграда број 2, површина од 363 m2, на КП број 120/1, сопственост на Општина Делчево, запишана во Имотен Лист бр.1202 за КО Тработивиште;
- Недвижна ствар „Пречистителна станица“, зграда број 2, површина од 36 m2, на КП број 120/1, сопственост на Општина Делчево, запишана во Имотен Лист бр.1202 за КО Тработивиште;
- Недвижна ствар „Пречистителна станица“, зграда број 3, површина од 36 m2, на КП број 120/1, сопственост на Општина Делчево, запишана во Имотен Лист бр.1202 за КО Тработивиште и
- Недвижна ствар „Пречистителна станица“, зграда број 4, површина од 101 m2, на КП број 120/1, сопственост на Општина Делчево, запишана во Имотен Лист бр.1202 за КО Тработивиште.

Недвижните ствари опишани во член 1 на оваа Одлука се даваат на трајно користење без надоместок на Јавното комунално претпријатие „БРЕГАЛНИЦА“ Делчево.

Примопредавањето на недвижните ствари од член 1 од оваа Одлука, ќе се изврши помеѓу Општина Делчево и Јавното комунално претпријатие „БРЕГАЛНИЦА“ Делчево во рок од 8 дена од денот на влегувањето во сила на оваа Одлука.Се задолжува корисникот Јавното комунално претпријатие „БРЕГАЛНИЦА“ Делчево, стварите опишани во член 1 од оваа Одлука да ги стави во функција, да стопанисува со нив, да ги чува и одржува во исправна состојба и да ги користи исклучиво за намената за која се дадени. Користењето на недвижните ствари може да престане со Одлука на Советот на Општина Делчево согласно закон, како и во случаи кога стварите се користат спротивно на намената и извршувањето на работите за кои се дадени.

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“, и „ воздржани“, против нема, Советот на Општина Делчево ја донесе и оваа одлука.

Дванаесетта точка-Предлог-Одлука за согласност за користење на средства од тековната резерва од Буџетот на Општина Делчево за 2026 година.

Оваа точка ја образложи Ана С.Димитровска која истакна дека Со оваа одлука се дозволува користење на средства од тековна резерва од Буџетот на Општина Делчево за 2026 година во износ од 300.000 денари.Средствата од тековната резерва од член 1 во износ 300.000 денари ќе бидат искористени за набавка на флаширана вода за жителите на Општина Делчево поради настанат дефект-пукање на главна водоводна цевка со што е предизвикано прекин на водоснабдувањето на територијата на Општина Делчево.

Согласно член 16 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2026 година бр.09-3066/1 од 30.12.2025 година, за средствата над 50.000 денари утврдени во Буџетот на Општината во рамките на резервата Одлучува Советот а ги извршува Градоначалникот. За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе Годишен извештај за користење.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави градоначалникот на Општина Делчево кој рече дека како резултат на технички инцидент кој се случил во текот на вчерашниот ден на главната доводна цевка за водоснабдување на град Делчево, повисоките делови од градот се со прекинат довод на вода во домаќинствата. Тој истакна дека станува збор за прснување на разводен елемент во главна шахта бр. 1, кој според специфичноста за негова изработка бара повеќе време за итна изработка, набавка и вградување од страна на стручните служби на ЈКП „Брегалница“ Делчево. Исто такам тој истакна дека овие рокови може да се продолжат поради потребата од хемиска и бактериолошка контрола на водата во целокупниот систем на град Делчево.

Од моментот на настанување на инцидентот, Општина Делчево ги мобилизирала сите расположливи надлежни органи и се постапува на терен со сите надлежни служби. ЕЛС Делчево е во постојана комуникација со сите релевантни фактори со цел состојбата да биде надмината во најкус можен рок.

Клучните институции (Здравен дом, Детска градинка), каде што се потребни постојани количини на вода за пиење, веќе се обезбедени од страна на надлежните служби и нивните јавни дејности се реализираат без прекин, истакна градоначалникот.

На крајот од неговото обраќање, градоначалникот истакна дека Општина Делчево, во соработка со ТППЕ Делчево, ЈКП „Брегалница“ Делчево и ОО Црвен Крст Делчево, организира пунктови за достава на вода за домаќинствата и тоа:

Пункт бр. 1: Паркинг простор на раскрсницата помеѓу улиците „Питу Гули“ и „Македонска“ во населба Милково Брдо.

Пункт бр. 2: Паркинг простор на улица „Пере Тошев“ во населба Милково Брдо.

Пункт бр. 3: Паркинг простор на улица „Вера Јоциќ“, над гимназијата СОУ „М.М. Брицо“.

Пункт бр. 4: Раскрсница на улиците „Мито Хаџивасилев Јасмин“ и „Видое Смилевски Бато“, во населба Стар Расадник, во непосредна близина на новата детска градинка.

Пункт бр. 5: Раскрсница на улиците „Острец“ и „Илинденска“ (пред продавница „Шака Лака“) во населба Маџир Маало.

Пункт бр. 6: Раскрсница на улиците „Јане Сандански“ и „Солунска“ во населба Први Реон.

Пункт бр. 7: Раскрсница на улиците „Солунска“ и „Брегалничка“, кај Џамијата во населба Втори Реон.

Исто така ќе се врпи и достава на техничка вода

Контакт телефон – Дежурна линија на ТППЕ Делчево: 193

Пункт бр. 1 – 12:00 часот секој ден: Раскрсница на улиците „Голачка“ и „Иво Лола Рибар“, кај маалската продавничка на Извор Комит во населба Први Реон.

Пункт бр. 2 – 13:30 часот секој ден: Раскрсница на улиците „Солунска“ и „Брегалничка“, кај Џамијата во населба Втори Реон.

Пункт бр. 3 – 15:30 часот секој ден: Раскрсница на улиците „Острец“ и „Илинденска“ (пред продавница „Шака Лака“) во населба Маџир Маало.

Пункт бр. 4 – 17:30 часот секој ден: Улица „Видое Смилевски Бато“, каде се реализира „Расадничка вечер“.

Пункт бр. 5 – 19:30 часот секој ден: Детско игралиште на улица „Велко Влаховиќ“.

„Апелираме до сите граѓани на Општина Делчево процесот на дистрибуција на вода за пиење и техничка вода да се реализира во најдобар ред и со почитување на утврдената динамика со лицата на терен и упатуваме јавна благодарност до сите вработени во ЈКП „Брегалница“ Делчево и ТППЕ Делчево кои вложуваат натчовечки напори за побрзо надминување на оваа состојба, како и до сите кои веќе покажаа личен интерес за вклучување и помош на институциите во решавањето на проблемот“, рече градоначалникот.

Тој истакна дека оваа одлука е потребна за набавка на вода за пиење и истакна дека има донација од 1 шлепер вода од Митко Јанчев сопственик на Кожувчанка и градоначалник на Општина Кавадарци за што упати јавна благодарност. Јавна благодарност беше упатена и до сите општествено одговорни фирми од Делчево и волентери кои се вклучиле во оваа акција.

Претседателот на Советот отвори расправа по точката.

За збор се јави Тони Стаменковски кој праша дали од страна на Општината е побарана помош од соседните општини?

Градоначалникот на Општина Делчево рече дека денес со почеток во 11.30 часот денес во фоајето на АСНОМ, ќе се одржи состанок на Кризниот штаб и го покани Т.Стаменковски да биде присутен на состанокот. Тој рече дека помош е побарано од Македонска Каменица, Пехчево и Берово, помош на нашата ТППЕ и на екипите на ЈКП „Брегалница“ за достава на водата. Исто така, градоначалникот ги информираше советниците дека во градот има пукнато водоводна цевка во Први реон, а исто така во централното градско подрачје на две места е направен испуст на вода. Потреба од друга помош, не е потребна, рече градоначалникот.

Игор Гошевски, од името на граѓани, праша дали градоначалникот има проекција кога ќе се санира проблемот со дефектот на водоснабдителниот систем?

Градоначалникот рече дека станува збор за дефект на специфичен дел, разводна цевка која сè уште е под гаранција и сите трошоци ќе бидат на нивни трошок. Истата е извадена денес, сабајле во 5.30 и бидејќи ист таков дел не постои готов, ќе се носи во Гевгелија за да биде изработен ист таков. Во разговор со извршниот директор тој рече дека е разговарано да се направи иста ваква цевка најскоро што може. Потребно е исто така време за монтирање на делот, како и изработка на соодветна заштитна шахта со сигурносен вентил (со армиран бетон и обичен бетон). Градоначалникот рече дека се надева дека за помалку 24 часа проблемот ќе биде решен.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Едногласно со 12 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе и оваа одлука.

Со исцрпувањето на дневниот ред 13.седница на Советот ан Општина Делчево заврши со работа во 11.10 часот.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Николчо Стојменовски

Записникот го водела
Снежана Трајкова